Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Илија Устапетров д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20 и 111/23), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП47.5.I, во Блок 3 и 5, Општина Струмица, изработена од ДТГУ „Матески архитекти“ ДООЕЛ, Битола, со технички број 051-13/2023 од септември 2023 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП47.5.I, во Блок 3 и 5, Општина Струмица, изработена од ДТГУ „Матески архитекти“ ДООЕЛ, Битола, со технички број 051-13/2023 од септември 2023 год. и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9058/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

...................................

## 394.

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на ГП 4.3, УБ 4, во Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на ГП 4.3, УБ 4, во Струмица, изработена од ДПГИ „Вектор 90“ Томе ДООЕЛ, Струмица, со технички број 024-1005/2023 од септември 2023 год. Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 7413,74м$^2$.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во

состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Илија Устапетров д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20 и 111/23), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на ГП 4.3, УБ 4, во Струмица, изработена од ДПГИ „Вектор 90“ Томе ДООЕЛ, Струмица, со технички број 024-1005/2023 од септември 2023 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на ГП 4.3, УБ 4, во Струмица, изработена од ДПГИ „Вектор 90“ Томе ДООЕЛ, Струмица, со технички број 024-1005/2023 од септември 2023 год. и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9059/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

....................................

## 395.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 14 став 7 и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање на трајно користење на полуподземни контејнери на ЈПКД „Комуналец“- Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Струмица дава на трајно користење 20 (дваесет) полуподземни контејнери од 5м$^3$ за мокра фракција, сопственост на Општина Струмица.

**Член 2**

Полуподземните контејнери од член 1 на оваа Одлука, Општина Струмица ги дава на трајно користење без надомест на ЈПКД „Комуналец“- Струмица.

**Член 3**

Начинот на користењето, управувањето и одржувањето на полуподземнитеконтејнери наведени во член 2 од оваа Одлука ќе биде регулирано со Договор кој ќе се склучи помеѓу Општина Струмица и ЈПКД „Комуналец“ - Струмица.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Струмица.

Бр.08-9060/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

....................................

## 396.

Врз основа на член 105 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ бр.216/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за дополнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на Општина Струмица**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на цените на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на Општина Струмица, бр.07-4739/1 од 11.07.2014 година (Службен гласник бр.11/14) се врши следното дополнување:

Во точка 6.Надоместок за депонирање на комунален отпад на депонија „Шапкар“, во член 7 се додава став 2 кој гласи: „Надоместокот за извршена услуга депонирање на специјален отпад (депонирање на нус производи и лешеви од животинско потекло во специјална јама) на депонија „Шапкар“ се утврдува во зависност од количината на отпадот и тоа 300,00 денари/кг.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-9061/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

....................................

**397.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за работа со облиците на месна самоуправа**
**во 2023 година**

I.Во Програмата за работа со облиците на месна самоуправа во 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 22/22 и 8/23) се вршат следните измени:

**Во точка 2 Финансирање, во Програмата ДА: Месна самоуправа (капитални објекти) износот од „15.000.000,00 денари“ се заменува со износот „20.700,509,00 денари”.**

II.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9062/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

....................................

**398.**

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 22/22, 1/23, 6/23, 8/23, 11/23 и 13/23), се вршат следните измени:

**Во Програмата: Ф1 - Урбанистичко планирање, износот од „4.800.000,00 денари“, заменува со износот „1.800.000,00 денари“.**

2. Во глава **II..Детални урбанистички планови во градот- самофинансирање,** во табелата по реден број 51 се додава:

| Р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 52. | Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од урбан блок 38 (стар блок 20), општина Струмица. | Самофинансирање |

3. Во глава **VI. Урбанистички проект**, во табелата по реден број 19 се додаваат:

| Р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 20. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за КП 6913, во КО Вељуса, Општина Струмица, со намена А1.5 - станбени куќи во состав на селско стопански двор. | Самофинансирање |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Урбанистички проект за инфраструктура вон опфат на урбанистички план за градба со намена Е1.8 – доводен 10(20)KV електричен кабел од постоечка средно напонска дистрибутивна мрежа до КП 801/13, Општина Струмица, со планирање на нова трафостаница 10/04 КВА во рамки на парцелата | Самофинансирање |
| 22. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на КП 494 и КП 485/9-дел, КО Просениково вон град, општина Струмица, за изградба на објект со намена Г4-стоваришта, складови и отпади | Самофинасирање |

4. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9063/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

....................................

**399.**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ” бр. 193/16 и 72/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 12 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе:

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година**

I. Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 22/22, 6/23 и 8/23) се вршат следните измени:

**Во глава VI. Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти:**

**1.Во Програмата Ф2 – Уредување на градежно земјиште (рушење), износот од „1.600.000,00 денари“, се заменува со износот „1.000.000,00 денари“.**

**2.Во Програмата ФА: Уредување на градежно земиште (капитални трошоци) , износот од „109.700.000,00 денари“ се заменува со износот „101.050.237,00 денари“.**

**3.Во Програмата ГА: Изградба на објекти, iznosot od „92.647.494,00 denari“ se zamenuva so iznosot „62.647.494,00 denari“.**

**4.Во Програмата Ј1: Снабдување со вода, износот од „22.621.000,00 денари“ се заменува со износот „38.621.000,00 денари“.**

**5.Во Програмата ЈИ: Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води износот од „20.000.000,00 денари“ се заменува со износот „25.100.000,00 денари“.**

**II.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9064/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

…………………………….

## 400.

Врз основа на член 124 став 2 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/1, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**Програма за измена на Програмата за штетно дејство на водите во 2023 година**

I.Во Програмата за заштита од штетно дејство на водите во 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 22/22) се вршат следните измени:

**Во Програмата Ј2: Одведување и пречистување на отпадни води износот од „2.000.000,00 денари“ се заменува со износот „14.019.763,00 денари”.**

II.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9065/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

…………………………….

## 401.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**Програма за измена на Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година**

I.Во Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ број 22/22 и 8/23) се врши следната измена:

**Во Програмата Р1: Заштита на животната средина, износот „16.866.321,00 денари“, се заменува со износот „16.566.321,00 денари“.**

II.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9066/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

…………………………….

## 402.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**Програма за измена на програмата за изградба и одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година**

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2024 година бр.02-209/1 од 18.07.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9067/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

…………………………….

## 403.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19),

Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за активностите на општина Струмица од областа на културата во 2023 година**

Во Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2023 година („Службен гласник на општина Струмица" број 22/22 и 8/23) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во Програмата К4: Културни манифестации и творештво износот **„2.500.000,00 денари"** се заменува со износот **„2.995.000,00 денари"**.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-9068/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

………………………………

## 404.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2023 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2023 година („Службен гласник на општина Струмица" бр. 22/22 и 8/23) се вршат следните измени:

**1.Во Програмата Л0 - Спорт и рекреација износот од „14.250.000,00 денари" се заменува со износот „14.550,000,00 денари".**

**2.Во програмата ЛАА - Изградба и реконструкција на спортски игралишта износот од „21.000.000,00 денари" се заменува со износот „14.000.000,00 денари".**

II.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-9069/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

………………………………

## 405.

Врз основа на член 101 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20) и член 14, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023, година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на образованието во 2023 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на образованието во 2023 година („Службен гласник на општина Струмица" бр. 22/22 и 8/23) се вршат следните измени:

**Во точка 3 Финансирање, во Програмата Н2: Средно образование износот од „1.426.000,00 денари" се заменува со износот „1.068.000,00 денари"**

**II.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-9070/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

………………………………

## 406.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен

гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на социјалната и детската заштита во 2023 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на социјалната и детската заштита во 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ број 22/22 и 8/23) во планираните активности се вршат следните измени:

Во Програмата V1 – Детски градинки, износот на планираните финансиски средства од „2.050.000,00“ денари се заменува со износ од „3.550.000,00“ денари.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9071/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

..................................

**407.**

Врз основа на член 114 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за именување на член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица**

1.Со ова Решение за член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица се именува Маја Глигорова, како претставник од основачот.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9072/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

..................................

**408.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ број 5/02), член 20 од Статутот на Општина Струмица (Службен гласник на општина Струмица бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), а во врска со член 46 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на ден 27.10.2023 година донесе:

**Д е л о в н и к**
**за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Струмица**

**Член 1**

Со овој Деловник поблиску се уредуваат начинот и организацијата на работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на општина Струмица (во понатамошниот текст: Партиципативното тело), како и други прашања од надлежност на Партиципативното тело.

**Член 2**

Партиципативното тело има за цел да ги преставува сите различни интереси и интересни групи во Општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија и истите да ги презентира.

Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

**Член 3**

Партиципативното тело се формира со одлука на советот на општината, а по предлог на Градоначалникот на Општина Струмица, со која е определена структурата на партиципативното тело.

**Член 4**

Работата на членовите на Партиципативното тело е на доброволна основа и за нивната работа не се исплаќа надоместок.

Партиципативното тело се состои од најмалку 7 (седум) членови, а горна граница на бројот на членови не се утврдува од причини што бројот на граѓанските членови не е ограничен.

Членови на Партиципативното тело се:

- сите членови на Комисијата за урбанизам на општина Струмица, назначени со посебно Решение од страна на градоначалникот на општина Струмица. Секоја измена на составот на Комисијата за урбанизам се пресликува и во составот на Партиципативното тело.
- најмалку едно стручно лице вработено во правното лице што е избрано за изготвување на урбанистичкиот план кој е предмет на расправа.
- доброволно пријавени лица-претставници на урбаните и месните заедници, претставници на невладини организации од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области сусштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

Учеството на членовите на Комисијата за урбанизам при Општина Струмица односно, вработените во општина Струмица во Партиципативно тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во општината учеството е на доброволна основа.

**Член 5**

Мандатот на членовите на Партиципативното тело трае 4 (четири) години.

За вклучување во работата на доброволно пријавените лица, општината објавува Јавен оглас најмалку еднаш на секои 4 (четири) години, односно по потреба, кој се објавува на веб страницата на општина Струмица, како и во писмена форма со објавување на огласот на јавно место во траење од 30 (триесет) дена.

Доброволно пријавените лица кои ги исполнуваат условите и кои пријави ќе бидат прифатени, се избираат за членови на Партиципативното тело.

Доброволно пријавените лица кои станале членови на Партиципативното тело можат своето членство да го повлечат преку достава на еднострана изјава заверена од надлежен Нотар, за што писмено го известуваат Претседателот на Партиципативното тело.

Доброволно пријавените членови на Партиципативното тело кои го откажале своето членство, кои нема да се јават на поканите и не учествуваат активно во работата на Партиципативното тело а го немаат најавено отсуството и не доставиле образложена причина за оправдана спреченост, можат да бидат разрешени и заменети со нови членови со објавување на нов оглас.

Доколку преку одредени дејствија и постапки член на Партиципативното тело го оневозможува непреченото и нормално одвивање на текот на седниците, претседателот или член може да предложи на седница да се гласа за утврдување на потребата од престанок на мандат на член на Партиципативното тело. Одлуката за утврдување на потребата од престанок на мандат на член на Партиципативното тело се донесува со мнозинство гласови од присутните членови и истата е составен дел на иницијатива за престанок на мандат на член на Партиципативното тело која претседателот ја доставува до Советот на Општина Струмица.

**Член 6**

Партиципативното тело на првата седница од своите редови избира Претседател и Заменик Претседател.

Претседателот на Партиципативното тело:

- го претставува Партиципативното тело;
- ја кординира работата на Партиципативното тело;
- ги свикува седниците на Партиципативното тело;
- го предлага дневниот ред на седниците на Партиципативното тело;

- ги презентира мислењата и заклучоците на Партиципативното тело пред градоначалникот и пред советот на општина Струмица и

- врши други надлежности определени со Деловникот.

Членовите на Партиципативното тело можат од своите редови да изберат и Секретар.

Претседателот, неговиот заменик и секретарот се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Партиципативното тело, со мандат од 4 (четири) години.

**Член 7**

Во случај на времена спреченост на Претседателот, заменик-претседателот на Партиципативното тело ги извршува сите работи од надлежност на Претседателот, се́ до престанување на спреченоста.

Секретарот на Партиципативното тело врши административно-техничка поддршка и други работи кои ќе му бидат доверени од Председателот.

**Член 8**

Работата на Партиципативното тело е јавна.

Партиципативното тело работи на седници кои ги свикува и со истите раководи Претседателот, а во случај на негова спреченост Заменик – претседателот.

Партиципативното тело заседава на седница најмалку еднаш на секои 2 (два) месеци, но, може да заседава по укажана потреба и по иницијатива за одржување на седница поднесена од член на Партиципативното тело.

Поканите за одржување на седницата, заедно со предлог на дневниот ред и материјалите за кои се расправа (планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија и слично), се доставуваат до сите членови на Партиципативното тело хартиено или електронски по пат на е-пошта најдоцна 3 (три) дена пред одржување на седницата.

На седниците на Партиципативното тело можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на советот на општина Струмица, членовите на советот и стручни лица од областа на урбанизмот, без право на одлучување.

Седницата на Партиципативното тело може да се одржи доколку се присутни мнозинство од вкупниот број на членови.

Партиципативното тело може полноправно да одлучува доколку на седницата е утврдено присуство на повеќе од половината членови.

Партиципативното тело одлуките ги носи со јавно гласање „ЗА“ или „ПРОТИВ“. Одлуката се смета за донесена доколку е изгласана со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членови.

**Член 9**

За работата на седницата на Партиципативното тело се води Записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, список на присутни членови, точки на дневниот ред, донесени одлуки, забелешки и слично.

Записникот го води Секретарот или друго лице определено од Претседателот или Заменик-претседателот на Партиципативното тело.

Записникот кој е усвоен го потпишува Претседателот или во негово отсуство заменик-претседателот на Партиципативното тело.

Донесените заклучоци, мислења и извештаи од расправата се изготвуваат во писмена форма и се доставуваат до членовите, градоначалникот, советот и до секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште на општина Струмица.

**Член 10**

Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на советот на општина Струмица на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички план, донесување на Годишна програма за урбанистичко планирање на територијата на општина Струмица и усвојување на Извештај за состојбите во просторот.

На седниците на советот Партиципативното тело има право да ги презентира своите мислења.

Презентирање на мислењата на Партиципативното тело на седниците на советот по правило ги врши Претседателот на Партиципативното тело или во случај на негова спреченост Заменик-претседателот.

Во случај на различни мислења помеѓу членовите на Партиципативното тело и членовите чии мислења и заклучоци не се усвоени со потребното мнозинство на гласови или определени членови кои не се согласуваат со донесените мислења и заклучоци од страна на мнозинството на членови , имаат право да присуствуваат на седниците на советот на општина Струмица и да ги презентираат своите мислења.

**Член 11**

Изменувањето и дополнувањето на Деловникот се врши на начин и постапка што важат за неговото донесување.

Измени и дополнувања на Деловникот може да предложат членовите на Партиципативното тело, членовите на Советот и работните тела на Советот.

**Член 12**

Деловникот за работа и неговите измени и дополнувања задолжително се објавуваат во ,,Службен гласник на општина Струмица“.

Деловникот за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на општина Струмица стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-9073/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

....................................

## 409.

Врз основа на член 16 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Физибилити студија за оправданоста за доделување на договор за јавно приватно партнерство за поставување и одржување на кровни фотоволтаици на објекти во сопственост на општина Струмица**

1.Се усвојува Физибилити студијата за оправданоста за доделување на договор за јавно приватно партнерство за поставување и одржување на кровни фотоволтаици на објекти во сопственост на општина Струмица.

2.Се задолжува Градоначалникот на општина Струмица во соработка и со други стручни лица од оваа област да обезбеди:

- Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот кои се показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство; и

- Процена на влијанието врз животната средина на јавното приватно партнерство;,

со цел отпочнување на постапката за воспоставување на јавно приватно партнерство.

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9074/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

....................................

## 410.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за усвојување на Ценовник за вршење на работи на ЈПКД „Комуналец“ Струмица во 2023 година**

1. Се дава согласност на Одлуката за усвојување на Ценовник за вршење на работи на ЈПКД „Комуналец“ Струмица во 2023 година, бр.02-6090/5 од 10.10.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9075/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

..................................

## 411.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**Заклучок**
**за давање согласност на Програмата за измена и дополнување на Програмата за работа на ЈП „Паркиралишта“ Струмица за 2023 година**

1.Се дава согласност на Програмата за измена и дополнување на Програмата за работа на ЈП „Паркиралишта“ Струмица за 2023 година бр. 01-881/1 од 29.09.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-9076/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

..................................

## 412.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Програмата за измена на Програмата за работа на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица за 2023 година**

1.Се дава согласност на Програмата за измена на Програмата за работа на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица за 2023 година бр.01-379/1 од 16.10.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-9077/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

..................................

## 413.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица**

- Се дава согласност на Одлуката за задолжување на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица бр.02-378/3 од 16.10.2023 година, донесена од Управниот одбор на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица.

- Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-9078/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

..................................

**414.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 29 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.10.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Анексот на Годишната програма за работа на СООУД „Димитар Влахов” Струмица за учебната 2023/2024 година**

1. Се усвојува Анексот на Годишната програма за работа на СООУД „Димитар Влахов” Струмица за учебната 2023/2024 година, бр.09-1012/3 од 10.10.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9079/1 Совет на општина Струмица
30.10.2023 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски

..................................